Врз основа на член 36 став (1) точка 1 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 265/14 и 132/25) и членот 22 став (1) точка 1 од Статутот на Националната установа Музеј на Република Северна Македонија - Скопје бр.01-920/1 од 24.09.2015 година, бр.02-104/4 од 26.02.2018 година, бр.02-212/2 од 13.03.2019 година и бр.02-168/10 од 31.03.2022 година, Управниот одбор на Националната установа Музеј на Република Северна Македонија - Скопје, на 149-тата седница одржана на 28.01.2026 година, ја донесе следната:

Република Северна Македонија
Национална установа Музеј на
Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Institucioni Nacional MUZEU I
REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр/Nr 02-29/6
28.01. 2026 год/viti.
Skopje-Shkup

**Одлука за изменување на Статутот на Националната установа Музеј на Република Северна Македонија - Скопје**

**член 1**

Во Статутот на Националната установа Музеј на Република Северна Македонија - Скопје бр.01-920/1 од 24.09.2015 година, бр.02-104/4 од 26.02.2018 година, бр.02-212/2 од 13.03.2019 година и бр.02-168/10 од 31.03.2022 година, членот 15 се менува и гласи:

„(1) За директор може да биде избрано лице кое ги исполнува општите услови утврдени со Законот за културата.

(2) Покрај општите услови утврдени со Законот за културата, за директор може да биде избрано лице кое ги исполнува и следниве посебни услови:

- да има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен високо образование од научното подрачје на општествените или од научното подрајче на хуманистичките науки.“

**член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на добивањето на согласност од министерот за култура и туризам, а ќе се објави на огласната табла на НУ Музеј на Република Северна Македонија – Скопје.

*Образложение*

Собранието на Република Северна Македонија на седницата одржана на 24 јуни 2025 година го донесе Законот за изменување на Законот за културата, со кој се изврши измена на условот за избор на директор во однос на поседувањето на меѓународен сертификат за познавање на еден од трите најчесто користени јазици во Европската унија. Донесувањето на Законот предизвикува потреба од изменување на Статутот на Националната установа Музеј на Република Северна Македонија - Скопје бр.01-920/1 од 24.09.2015 година, бр.02-104/4 од 26.02.2018 година, бр.02-212/2 од 13.03.2019 година и бр.02-168/10 од 31.03.2022 година. Со цел да не се повторуваат општите услови во Статутот од Законот, како и со цел да не се појавува неусогласеност меѓу Законот за културата и Статутот на установата, се одлучи во Статутот на установата да се утврди само посебниот услов за избор на директор, а во однос на општите услови да се применува Законот за културата. Имајќи го предвид напред наведеното Управниот одбор одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Да се достави до:
- Архивата на Музејот
- Огласна табла
- Досие на Управен одбор
- Министерство за култура и туризам

Претседател на Управен одбор на
НУ Музеј на РС Македонија- Скопје
Проф.д-р Лидија Ѓурковска
Л. Ѓурковиќ
--------------------------------